14274

**pres-kliping · press-clipping**

NOVINSKA DOKUMENTACIJA
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE

Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 608-1-1572-1

Isečak iz lista
Newspaper cutting

НОВА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
10. I. 1971

Нова бр. 8603, стр. 8

ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

Пишува: Борис ПЕТКОВСКИ

# ПЕТАР ХАЏИ БОШКОВ ВО БЕЛГРАД

**Истакнатиот македонски скулптор Петар Хаџи Бошков во текот на декември 1970 и јануари 1971 изложи во салонот на МСУ во Белград свои најнови скулптури и графики.**

Масите на овие дела на Хаџи Бошков најчесто се извлечени во вертикали со специфично расчленети облици и површини. Некои од нив се развиваат како каскади, како слоеви од вдлабени и испакнати делови, со остри рабови и глатко или зрнесто обработени фактури. Вакви делови во базата обично започнуваат со некоја структура што е обликувана со неизнасилена геометризација на формите; тие можат да му се придодадат колку на некој техницистичко-механицистички поттик, толку и на светот на органското, биолошкото, антропоморфното. Со такви особини се карактеризираат и завршетоците на овие дела на Хаџи Бошков. Само уметникот на овој дел му определува посебна функција, што ја изразува тенденцијата највисокиот дел на дадена пластична маса да се замисли како финале, драматичен акцент, апотеоза на една мисловна и емотивна определеност на оној што ги обликува овие скулптури и диктатот на некои неумоливи постулати на современиот пластичен сензибилитет. Во издолженоста на овие творби е исткаено фино чувство за некои надворешни, видливи белези на времето во кое тие се остваруваат, напоредно со чувството дека тие претставуваат комплексна синтеза на сето досегашно животно и творечко искуство на уметникот. Понекогаш остварувањата на Хаџи Бошков ѝ допуштаат на нашата фантазија да пронајде во нив крајна последица, финална точка од преобразувањето, од „преработката“ на формата на човечкото или на некое животинско тело: така се чини дека овие негови ритмично расчленти маси понекогаш се некоја тенка, филиформна фигура или масивен човечки корпус, истегнат во просторот во некоја мирна, здржана позиција. Покрај тоа многу делови од скулптурата на Хаџи Бошков се обработени со деликатно истражување на некои фини ефекти во фактурата, која умее вешто да здружи еден современ сензибилитет, со деликатно потсетување на некои естетски вредности од минатото. Тука постапката на уметникот презема нешто од рефинманот на македонските кујунџии, златари, резбари. Во тоа воедно е запазено чувството за таа непресушена потреба од естетско совршенство и тогаш кога се користи најгрубиот материјал и кога современо обликуваната структура на скулптурата е сета разбранета, вознемирена, исполнета со некои темни навестувања.

Овие скриени трепети, можеби навестувања за некои злодејни сили, наеднаш се преобразуваат во такви пластични конструкци, кои со бизарноста на своите облици асоцираат на некои фантастични творби на мрачните предели на човечката психа: се развиваат како потсетување на нешто таинствено, застрашувачко и во ист миг возвишено и сакрално: добиваат аспекти на некои тотемски или евокативни објекти, како да се предмети на некој мистичен, затворен култ.

Хаџи Бошков несомнено наметнува еден основен акцент низ таа вертикализација на своите дела, но со тоа не се затвора распонот на неговата пластична имагинација. Така тој обликува и скулптури, во кои од чудната архитектоника на мирни, стабилни маси, „бликаат“ делови од драматично „кубистичко-футуристички“ развиени форми. Во други обликот се претвора во некоја кружна, сè до голем „прстен“ слична структура, која исто така сета е утопена во општите пластични барања и настојувања на уметникот.

Се чини дека Хаџи Бошков го доживува светот во кој живееме со некоја „вселенска“ психологија: во димензии што можат да се разберат како краен екстрат, како крајна логика на сеопштото движење и постоење. Сите нешта за Хаџи Бошков се претвораат во енергетско-ритмички принцип. Неговите најнови скулптури се чинат како мигови на запрено движење на материјата, како материјализација на разни видови и состојби на енергијата; како да се кристализација на оние општи ритмови што ја расчленуваат, движат, распоредуваат и вознемируваат бескрајната просторност на вселената и на човечката психа. Се чини дека и споменатиот реликвијарен, култен аспект на неговите денешни обликовни структури е условен од оваа основна, битна определба на филозофскиот концепт на Хаџи Бошков. Во него движењето на материјалниот свет како да е сублимирано до речиси мистична, религиозна суштина или во израз на една бескрајна вљубеност и почит спрема манифестациите на животот и човечката акција.

Кај Хаџи Бошков е отворен и процесот со кој неговата скулптура ги надминува тесните хоризонти на ателјерскиот и музејскиот амбиент, преобразувајќи се во можност за едно специфично ново совладување на просторот. Го одразува процесот на разградување на една преживеана, балканска урбанистичка структура и обликување на една нова, современа, таква што постепено наметнува и една нова функција на ликовниот творец.



ПЕТАР ХАЏИ БОШКОВ: ГЛАВА, МЕТАЛ

За ... уметност во Скопје
...XII.1970.
...а изискуваше огромни напо-
...ој својата обемна работа
...ка и уселувањето ја обе-
...се изведуваа на објектот.
...Музејот. Целата органи-
...а, свеченото отворање,
...ости и нивниот престој
...колектив, беше навреме
...екои странски списанија
...новата зграда на Музејот
...за значаен културен нас-
...ирокото балканско подрачје.
...ограмата на Музејот за
...дури и преисполнета со не-
...ја, кои не беа планирани.
...упно 21 изложба, од кои 9
...во други градови на земјата
...и и 2 изложби во странство.
...уметност а останатите на
...совреме-